

# Трујкановиќ Мирослава Микица - Mikica Miroslava Trujkanovik

Музеј на град Скопје - Museum of the City of Skopje





КРАЛ НА ТАГАТА, 2001
комбинирана техника на платно, 150 x 150
THE KING OF SADNESS, 2001
mixed media on canvas, 150 x 150 cm



НЕГОВИТЕ КРСТОПАТИ, 2001
комбинирана техника на платно, 150 x 150
HIS CROSSROADS, 2001
mixed media on canvas, 150 x 150 cm


СОНОТ...

Ленени платна, сатен, свила, невестински тул, различни типови на хартија, паус, тоалет хартија, салвети, маслени бои, пастел, креди, молив, дрвофикс, пластофил, коноп, ребреста хартија, завој, материјали од завеси, спреј, станиол, рачно изработена хартија, конци, срма ... се само дел од материјалите кои Микица Трујкановиќ ги употребува во изработката на делата за оваа нејзина, прва, самостојна изложба. Во најголем број случаи тоа се текстилни производи (особени со различните орнаменти на нив, но и со нивната текстура, прозрачност и "топлина") потоа хартии, конци... и тоа по целата површина на сликите: несомнено се наоѓаме во просторот на тактилноста на материјалите.
Тактилност која треба да добие метафорични, јазички предзнаци.
Инсистирањето на материјалите како и "апстрактната" подлога врз која тие се комбинираат ги одредуваат делата од оваа изложба во сверата на постмодернистичките интерпретации на енформелот опфатени со одредницата - контролиран гест. Оваа појава од средината на осумдесеттите години беше ново осврнување кон одредени витални остварувања од времето на доцниот модернизам кон кои немаше однос на омаж. Односот кон материјалите, работните методи и појавата воопшто е доживеана како заднина врз која се реализираат новите искуства. Тоа е сликарство во кое не се чувствува и во кое не е присутно кризното подрачје на субјектот. Барем не она од доцниот модернизам. Во текот на времето и овој однос доживеа свои пермутации, така што сега, барем кај нас, тактилноста на материјалите е подлога врз која се градат можности за одредени наративни постапки или барем се отвораат полиња за нивна проекција. Тоа е предпоставениот контекст во кој се појавуваат сликите на Трујкановиќ.
Вообичаено е млади уметници, без особени предходни најави, да започнат да работат во нови области и со нови материјали. Кај Трујкановиќ употребата на текстилот се јавува како можност за евокација на нејзината баба која таа ја познава само по раскажувањата на нејзините родители. Овој податок го споменувам од причина што тој донекаде може да одреди некои елементи од нејзините дела. Мислам, пред се, на белината која е присутна во скоро сите слики. Свесно или не Трујкановиќ со неа создава метафора за еден простор на невиност или прочистување, во секој случај тој сликан простор е поле за сопствен мир или копнежот по него.
Самиот метод во работењето врз делото е комбинација на различни делови кои таа најчесто ги лепи или ги шие на платното Овој комбинаторен работен модел, дополнително забавен од техниката на фиксирање, доведува до рационализирање или контролата на експресивните искази. Употребата на материјалите е насочена кон нагласувањето на нивните тектилни особености не само со нивната текстура туку и преку малата игра на покажување и наговестување, покривање и ѕиркање.
Во најголем број случаи композицијата на сликата нема центар што последователно упатува кон последицата дека нема ни периферија. На окото му е овозможено слободно да талка по површината на сликата и да трежи (и наоѓа) нови целини во презентираниот збир на материјали и односи.
Потребно е да се споменат и цртежите. Трујкановиќ во односот кон нив не менува никакви важни одредници во исказот, но самиот материјал ѝ наметнува поинакви правила.
И во нив постои тенденцијата за вметнување разновидни текстури, дури е понагласена и играта на посирање - сокривање на деловите, но тие, во секој случај, се сведени на степен на акцент. Односот кон линиите и формите е нагласено благ или е, во други случаи, концизен, сведен на неколку елементи со далечни наговестувања за концептуализација на одредени поими или симболи. Овие дела се добар пример за разновидните формални решенија до кои се стигнува во иста авторска фаза, но во поинакви техники.

Лазо Плавевски

Linen canvas, satin, silk, wedding muslin, different types of paper, tracing paper, toilet paper, tissue paper, oil paint, pastel, chalk, pencil, wood glue, plastic glue, rope, ribbed paper, bandage, pieces of drapes, spray, foil, handmade paper, yarn, silk thread... are only some of the materials Mikica Trujkanovik uses in creating the artworks for this first solo exhibition of hers.
The materials are, mostly, textile fabrics (she uses their ornaments, as well as their texture, transparency and "warmth"), then paper, yarn... applied over the entire surface of the paintings: we are, doubtlessly, in the domain of the tangibility of the materials.
This tangibility is supposed to acquire metaphorical, linguistic marks. The artist's insisting on the materials as well as on the "abstract" basis upon which they are combined determine the works of this exhibition in the sphere of the postmodern interpretations of the informal art included under the definition - controlled gesture. This phenomenon from the mid 1980s was a new survey of certain vital achievements from the time of the late modernism, yet lacking the attitude of an homage. The attitude towards the materials, the working methods and the phenomenon in general was taken as a background upon which new experiences are realized. Such painting is lacking feelings, omitting the crisis region of the subject. At least, the one of the late modernism. In time, this attitude has acquired its permutations, too, so that now, at least with us, the tangibility of the materials became the basis upon which possibilities are created for certain narrative procedures or, at least, open the fields for their projection. This is the supposed context in which the paintings of Trujkanovik appear.
It is usual for young artists to start working in new fields and with new materials with no specials previous announcements. With Trujkanovik the application of textile comes as a possibility for evocation of her grandmother that she knew only from the stories of her parents. I state this fact because it can define to a certain extent some elements in her works. I refer, mostly, to the whiteness present in almost all her paintings. Deliberately or not, Trujkanovik uses it to creates a metaphor of a domain of innocence or purification; however this painted space is the domain of her own peace or her longing for it.
The method of creating the work is a combination of various parts that the artist often sticks or sews on canvas. This combined working model, additionally slowed down by the technique of fixing, leads to rationalizing or control over the expressive statements. The application of materials is aimed towards the emphasis of their textile features, not only through their texture but also through the little game of showing and announcing, covering and peeping.
In most cases the composition of the painting has no center which, therefore, leads to the consequence that it has no periphery, either. The eye is allowed to freely wander over the painting surface and to search (and find) new entities in the presented summary of materials and relations.
It is necessary to mention the drawings, as well. In her attitude towards them Trujkanovik does not change any of the important implications of the expression, but the material itself imposes different rules.
They are, also, subjected to the tendency of implementing various textures, with an even stronger emphasis on the game of transparency - hiding of the parts, but they are, however, reduced to the level of an accent. The attitude towards the lines and forms is especially soft, or, in other cases, concise, reduced to several elements with distant hints of conceptualization of certain notions or symbols. These works are a good example of the various formal solutions that are reached through the same artistic phrase, but with different techniques.

Lazo Plavevski


можам да те слушнам
...MONSUN...
EXO
EXO



ЛЕТОВОТО УТРО, 2001
комбинирана техника на платно, 108 x 130
LETO'S MORNING, 2001
mixed media on canvas, 108 x 130 cm



ЛЕДЕНАТА КРАЛИЦА, 2001
комбинирана техника на платно, 108 x 130
THE ICE QUEEN, 2001
mixed media on canvas, 108 x 130 cm



ТВОЈОТ ДЕН, 2001
комбинирана техника на платно, 40 x 40
YOUR DAY, 2001
mixed media on paper, 40 x 40 cm



ЖЕД, 2001
комбинирана техника на платно, 40 x 40
THIRST, 2001
mixed media on paper, 40 x 40 cm

**Мирослава - Микица Трујкановиќ**

Родена 1975. во Бор, СР Југославија. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности - Скопје во 1999. во класата на професорот Симон Шемов. Член е на ДЛУМ од 1999. Во моментов е на пост-дипломски студии на истиот факултет.

адреса: бул. "АВНОЈ" бр. 92 - 3/10, 1000 Скопје, Р. Македонија; тел. : ++ 3892 443 893; факс. : ++ 3892 174 045

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ: 1996-Скопје-Проект на Евгенија Демниевска - Curriculum Vitae и студентите од ФЛУ - Ливади во Музејот на град Скопје, Музеј на град Скопје; 1997-Скопје-Уметничка галерија - Скопје; Маил Арт - Боок Арт, Галерија "Анима"; Хаос во акција - проект со Евгенија Демниевска, Музеј на град Скопје; Отисок од природа (проект во рамките на Скопско лето 97), Младински културен центар; Изложба на студенти ид ФЛУ, Сули Ан; Барокна соба, Младински културен центар; 1998-Скопје- Фондација на семејството на Борко Лазески, Сули Ан; 1999-Скопје, Цртеж - ДЛУМ, НУБ " Свети Климент Охридски"; Крањска Гора-Љубљана (Словенија), ACTA NON VERBA III; 2000-Скопје-VIII Зимски салон, Музеј на современата уметност; Галерија "КО - РА "; Дипломирани студенти на ФЛУ, Дом на АРМ; СИАБ, IV Студентско интернационално арт биенале, Музеј на град Скопје; Новопримени членови на ДЛУМ, Галерија ДЛУМ; ДЛУМ - Пејзаж, Галерија ДЛУМ; 47-ма Ревијална годишна изложба на ДЛУМ, МГС; Цртеж - ДЛУМ, НУБ "Свети Климент Охридски"; Македонско ликовно творештво - Мал формат, Галерија ДЛУМ; XVII Сликарство Мал формат, Културно информативен центар; Сараево (Босна и Херцеговина)-ACTA NON VERBA III (Сарајевска зима), Скендерија Колегијум Артистикум; Скопје, ACTA NON VERBA III(во рамките на Скопско лето 2000), Културно информативен центар; 2001-Скопје, 5-то Биенале на млади уметници, Музеј на современата уметност

НАГРАДИ: 2000-Награда "Никола Мартиноски" на 25-тата Јубилејна изложба "ДЛУМ-Цртеж", НУБ "Свети Климент Охридски", Скопје; Прва награда на изложбата "Жената, симбол инспирација", Галерија "КО - РА", Скопје; Втора награда на "СИАБ - IV Студентско интернационално арт биенале", Музеј на град Скопје, Скопје; Награда "Петар Мазев" за сликарство на 47-ма Ревијална годишна изложба на ДЛУМ, Музеј на град Скопје, Скопје

ЛИКОВНИ КОЛОНИИ: 1999-Михајлово, Конопишка ликовна колонија; Крањска Гора, Словенија, ACTA NON VERBA III; 2000- Радожда, Крива Паланка, Колонија "Свети Јоаким Осоговски"; Зајачар, СР Југославија, Гамзиградска ликовна колонија

**Miroslava - Mikica Trujkanovik**

Born 1975 in Bor, FRYugoslavia. Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1999 in the class of professor Simon Semov. A member of DLUM (Macedonian Artists' Association) since 1999. Presently, she is a post-graduate student at the same faculty.

address: boul. "AVNOJ" no. 92 - 3/10, 1000 Skopje, R.Macedonia; phone: ++ 389 2 443893; fax: ++ 389 2 174045

GROUP EXHIBITIONS: 1996-Skopje, Project of Evgenija Demnievska - Curriculum Vitae - and the Students of the FFA - Meadows in the Museum of the City of Skopje; 1997-Skopje - Art Gallery - Skopje; Mail Art - Book Art, Gallery "Anima"; Chaos in Action - project with Evgenija Demnievska, Museum of the City of Skopje; Impression of the Nature, (project within the Skopje Summer '97), Youth Cultural Center; Exhibition of the Students of FFA, Suli An; Baroque Room, Youth Cultural Center; 1988-Skopje-Foundation of the Family of Borko Lazeski, Suli An; 1999-Skopje, Drawing, DLUM, National University Library "Sveti Kliment Ohridski"; Kranjska Gora, Ljubljana (Slovenia)-ACTA NON VERBA III; 2000-Skopje, Eighth Winter Salon, Museum of Contemporary Art; Gallery "KO - RA"; Graduated Students from the FFA, Army Center; SIAB - Fourth Students" Art Biennial, Museum of the City of Skopje; New members of DLUM, Gallery DLUM; DLUM - Landscape, Gallery DLUM; 47th Annual Exhibition of DLUM, Museum of the City of Skopje; Drawing, DLUM, NUL "Sveti Kliment Ohridiski"; Macedonian Small Scale Artworks, Gallery DLUM; 17 Painting - Small Scale, Cultural Information Center; Sarajevo (Bosnia and Herzegovina)-ACTA NON VERBA III (Sarajevo Winter), Skenderija, Kolegij Artistikum; Skopje-ACTA NON VERBA III (within the Skopje Summer 2000), Cultural Information Center; 2001-Skopje, Fifth Biennial of Young Artists, Museum of Contemporary Art

AWARDS: 2000-"Nikola Martinoski" award at the 25th jubilee exhibition "DLUM-Drawing", NUL "Sveti Kliment Ohridski", Skopje; First Prize at the exhibition "The Woman, the Symbol, the Inspiration", Gallery "KO - RA", Skopje; Second Prize at "SIAB - Students' International Art Biennial", Museum of the City of Skopje; "Petar Mazev" award for painting at the 47th annual exhibition of DLUM, Museum of the City of Skopje

ART COLONIES: 1999-Mihajlovo, Art Colony of Konopiste; Kranjska Gora, Slovenia, ACTA NON VERBA III; 2000-Radozda; Kriva Palanka Colony "Sveti Joakim Osogovski"; Zajecar (FRYugoslavia), Art Colony of Gamzigrad



*Издавач: Музеј на град Скопје; Одговорен уредник: Ѓорѓи Чулаковски; Предговор: Лазо Плавевски; Организација на изложбата: Лазо Плавевски, Фросина Зафировска; Превод на англиски: Маја Хаџимитрова Иванова; Фотографии: Станимир Неделковски; Дизајн и подготовка на каталог: Фросина Зафировска; Печати: Скенпоинт; Тираж: 500; Реализација: Музеј на град Скопје, јуни 2001; Publisher: Museum of the City of Skopje; Editor-in-chief: Gorgi Culakovski; Preface: Lazo Plavevski; Organization of the exhibition: Lazo Plavevski, Frosina Zafirovska; Translation: Maja Hadzimitrova Ivanova; Photographs: Stanimir Nedelkovski; Layout: Frosina Zafirovska; Printed by: Scanpoint; Realisation: Museum of the City of Skopje, June 2001; Изложбата и каталогот се реализирани со подршка на Министерството за култура на Република Македонија; The exhibition and the catalogue are supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia*

ве љубам до болка . . .

